**20101583316**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

Се прогласува Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 декември 2010 година.

Бр. 07-4962/1
6 декември 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување

Член 1

Со овој закон се уредуваат надлежноста и организацијата на Државниот инспекторат за локална самоуправа, видовите и постапката за вршењето инспекциски надзор, овластувањата на инспекторите, соработката со органите на државната управа, граѓаните и други физички и правни лица.

### Цел на Законот

Член 2

Целта на овој закон е да се обезбеди поефективен, поефикасен и правно регулиран систем на надзор над законитоста на прописите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје (во натамошниот текст: општини) и за унапредување на нивната законитост.

### Значење на изрази употребени во овој закон

Член 3

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Прописи на општината„ се статут на општината, програми, планови, одлуки, решенија, заклучоци и други општи акти што ги донесува советот на општината и актите со кои се воспоставува меѓуопштинска соработка, како и конкретните акти што ги донесува градоначалникот на општината за извршување на актите на советот на општината;

2. „Надзор“ е надзор над законитоста на прописите на општините кој го врши Инспекторатот во смисла на Законот за локалната самоуправа и по иницијативи на физички и правни лица;

3. „Инспекциски надзор“ е надзор над постапката за донесување на прописите на општината, кој Инспекторатот го врши надвор од неговото седиште;

4. „Редовен инспекциски надзор“ е инспекциски надзор кој се врши во согласност со годишната програма за работа и месечните планови на Инспекторатот;

5. „Вонреден инспекциски надзор“ е ненајавен инспекциски надзор кој се врши врз основа на иницијативи, известувања, предлози и претставки од физички и правни лица, како и во случаи на основано сомнение на Инспекторатот и

6. „Контролен инспекциски надзор“ е инспекциски надзор кој Инспекторатот го врши по истекот на рокот утврден во записникот за извршен инспекциски надзор, со кој советот на општината, градоначалникот на општината или овластеното лице се задолжени да отстранат определени неправилности утврдени со инспекцискиот надзор.

**Надлежност**

Член 4

Инспекцискиот надзор од членот 3 на овој закон, го врши Државниот инспекторат за локална самоуправа (во натамошниот текст: Инспекторатот), како орган во состав на Министерството за локална самоуправа.

**Предмет на надзор**

Член 5

(1) Предмет на надзор е надзор над законитоста на прописите на општините.

(2) Надзорот над законитоста на прописите на општините го опфаќа и надзорот над постапката за нивно донесување.

II. НАЧЕЛА

**Начело на законитост и супсидијарност**

Член 6

(1) Во вршењето на работите од својата надлежност, Инспекторатот обезбедува правна сигурност и извесност со:

- почитување на обврската сите прописи кои се донесуваат од страна на Советот на општините да бидат во согласност со Уставот и законите и

- постапување и одлучување во согласност со закон, меѓународни договори ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија и со други прописи донесени врз основа на закон.

(2) За прашањата кои не се уредени со овој закон, се применуваат одредбите од Законот за локалната самоуправа и Законот за инспекциски надзор.

**Начело на транспарентност, јавност и отчетност**

Член 7

(1) На барање на правни и физички лица Инспекторатот е должен да им обезбеди пристап до информациите кои се однесуваат на работењето на Инспекторатот, како и до други информации за кои тие ќе покажат интерес, освен за оние за кои со закон не е дозволен пристап.

(2) Инспекторатот редовно ја информира јавноста за својата работа.

**Начело на еднаквост, непристрасност и објективност**

Член 8

Во вршењето на работите од својата надлежност Инспекторатот е должен да обезбеди еднаква, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи.

**Начело на самостојност и независност**

Член 9

Инспекторот потполно самостојно и независно врши инспекциски надзор над законитоста на прописите и постапката за нивно донесување и врз основа на правно релевантни факти утврдени во доказната постапка, подготвува акти со кои предлага конкретни решенија.

**Начело на превенција**

Член 10

За превенција од појава на материјална штета и правна несигурност како последица од примената на прописи на општината кои не се во согласност со Уставот и законите на Република Македонија, Инспекторатот презема мерки и активности согласно со правилникот за инспекциски надзор.

III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИНСПЕКТОРАТОТ

**Внатрешна организација**

Член 11

(1) Инспекторатот работите од својата надлежност ги врши преку:

- директор на Инспекторатот (во натамошниот текст: директорот) и
- инспектори за локална самоуправа (во натамошниот текст: инспектори).

(2) Внатрешната организација на Инспекторатот, на предлог на директорот во согласност со закон, поблиску ја утврдува министерот за локална самоуправа, со актите за внатрешна организација на Инспекторатот.

**Директор**

Член 12

(1) Со работата на Инспекторатот раководи директор, кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(2) Директорот презема мерки и се грижи за стручно оспособување и усовршување на инспекторите.

(3) За директор на Инспекторатот може да се именува лице кое има високо образование од областа на правото, економијата и администрацијата и најмалку пет години работно искуство во струката.

**Инспектори**

Член 13

(1) Инспектор може да биде лице кое има високо образование, три години работно искуство во струката и ги исполнува општите услови утврдени со Законот за државните службеници и посебните услови утврдени со актот за систематизација на работните места во Инспекторатот.

(2) Статусот на инспекторот се утврдува согласно со одредбите на Законот за инспекциски надзор.

**Службена легитимација**

Член 14

(1) Овластувањето за вршење на инспекциски надзор, инспекторот го докажува со службена легитимација, со која го докажува своето својство, идентитет и овластувања.

(2) Формата и содржината на образецот на службената легитимацијата, изгледот на знакот, како и начинот на издавање и одземање на службената легитимација ги пропишува министерот за локална самоуправа на предлог на директорот.

**Програма за работа**

Член 15

За вршење на редовен инспекциски надзор, директорот донесува годишна програма за работа, подготвува месечни планови за работа на инспекторатот и го организира нивното спроведување.

**Извештај за работа**

Член 16

(1) Директорот подготвува полугодишен и годишен извештај за работата на Инспекторатот за претходната година и го доставува до Владата на Република Македонија, најдоцна до 31 март во тековната година.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член особено содржи:

- оцена на состојбите од аспект на законитоста на прописите на советите на општините,
- податоци за бројот на извршените надзори по општини и утврдените повреди,
- податоци за донесените решенија за запирање на примената на прописите на советите на општините и за непочитување на обврските на градоначалниците за спроведување и примена на одредбите на Законот за локалната самоуправа и на овој закон,
- податоци за бројот на поднесените иницијативи пред Уставниот суд на Република Македонија за оцена на уставноста и законитоста на прописите на општината и за решенијата односно одлуките на Уставниот суд по поднесените иницијативи,
- препораки за подобрување на утврдените состојби и
- други податоци од значење за работата на Инспекторатот.

(3) Годишниот извештај се објавува на веб страницата на Министерството за локална самоуправа.

## IV. ВИДОВИ И ПОСТАПКА ЗА ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

### Видови инспекциски надзор

Член 17

Инспекцискиот надзор може да биде:
1) редовен инспекциски надзор;
2) вонреден инспекциски надзор и
3) контролен инспекциски надзор.

### Вршење на инспекцискиот надзор

Член 18

(1) Инспекторот самостојно ги врши работите од инспекцискиот надзор и презема мерки за кои е овластен со овој закон.

(2) Инспекцискиот надзор се врши во работно време.

(3) За денот, содржината и обемот на инспекцискиот надзор, инспекторот го известува градоначалникот и претседателот на советот на општината во која ќе се врши надзор, најдоцна седум дена пред денот кој е определен за вршење на надзорот.

### Обврска за легитимирање

Член 19

Инспекторот е должен при вршењето на инспекцискиот надзор да ја покаже службената легитимација.

### Обезбедување услови за вршење инспекциски надзор и достапност на документацијата

Член 20

(1) Градоначалникот, претседателот на советот на општината или овластеното лице, во случај на инспекциски надзор над законитоста на прописите на општината, должни се на инспекторот да му овозможат непречено вршење на надзорот, да му ги обезбедат и создадат потребните услови за вршење на надзорот и да му ги стават на увид и располагање потребните прописи, записниците од седниците на советот на општината, евиденцијата за присуство на седниците на членовите на советот или други исправи што тој ќе ги побара.

(2) Градоначалникот е должен да ги достави на увид и поднесените иницијативи за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на прописи на општината и одлуките на Уставниот суд на Република Македонија, донесени по повод иницијативите на градоначалникот.

(3) При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот има право да побара копија од прописите и актите верна на оригиналот, заверена од овластено лице на општината.

(4) Доколку општината во која треба да се врши инспекцискиот надзор од објективни причини не може да обезбеди и создаде потребни услови за негово вршење во закажаниот термин, градоначалникот може да побара одлагање на инспекцискиот надзор не подолго од седум дена.

(5) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор градоначалникот, претседателот на советот на општината или овластеното лице, не се во можност да ги стават на увид и располагање бараните прописи, записниците од седниците на советот на општината, евиденцијата за присуство на седниците на членовите на советот на општината или други исправи, инспекторот може да ги задолжи да ги достават во определен рок до Инспекторатот.

(6) Ако градоначалникот, претседателот на советот на општината или овластеното лице не обезбедат услови за вршење инспекциски надзор и по истекот на рокот од ставот (4) на овој член, или не ги достават бараните прописи, записници од седници на советот на општината, евиденцијата за присуство на членовите на советот или други исправи во рокот определен од инспекторот, престанува да тече рокот за донесување решение за запирање на примената на пропис утврден во Законот за локалната самоуправа и тој продолжува да тече од денот на извршениот надзор односно од денот на доставувањето на бараните прописи и записници.

(7) Доколку при вршење на инспекцискиот надзор овластениот инспектор утврди дека е сторена неправилност од ставот (6) на овој член, е должен утврдената неправилност да ја забележи во записникот подготвен во смисла на членот 21 од овој закон и истовремено да му врачи покана за едукација на одговорното лице во општината.

(8) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот за локална самоуправа.

(9) Доколку во закажаниот термин лицето од ставот (7) на овој член, не се јави на едукацијата, односно повтори некоја од неправилностите утврдени во ставот (7) на овој член, директорот на Инспекторатот пред надлежниот суд или комисија за прекршоци, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка против одговорното лице на контролираната општина.

**Записник**

Член 21

(1) За извршениот инспекциски надзор, инспекторот составува записник во два примерока.

(2) Записникот го потпишуваат лицата што учествувале во постапката на надзорот.

(3) Кога лицето кое учествувало во постапката на надзорот ќе одбие да го потпише записникот, инспекторот тоа ќе го забележи и ќе ги наведе причините за одбивањето.

(4) Еден примерок од записникот се доставува до општината веднаш по извршениот надзор.

**Приговор**

Член 22

(1) Градоначалникот и претседателот на советот на општината или овластеното лице, имаат право да дадат приговор на записникот од членот 21 став (1) од овој закон, во рок од осум дена од денот на неговиот прием.

(2) Приговорот од ставот (1) на овој член се поднесува до Инспекторатот.

(3) Инспекторатот е должен да одговори на приговорот без одлагање, а најкасно осум дена од денот на приемот на приговорот со тоа што може да ги уважи примедбите и истите да бидат составен дел на записникот или да ги отфрли како неосновани.

**Запирање на примена на пропис**

Член 23

(1) За пропис за кој инспекторот смета дека постојат услови за запирање на неговата примена поради неусогласеност со Уставот или закон, подготвува решение за запирање на примената на прописот.

(2) За пропис за кој е донесено решение за запирање на неговата примена поради неусогласеност со Уставот или закон, инспекторот подготвува иницијатива за поведување постапка за оцена на уставноста и законитоста на прописот пред Уставниот суд на Република Македонија.

(3) Актите од ставовите (1) и (2) на овој член ги донесува директорот на инспекторатот и истите во рок од три дена ги објавува на веб страната на Министерството за локална самоуправа.

(4) За донесувањето на решението од ставот (1) на овој член, неговото објавување и поднесувањето на иницијативата од ставот (2) на овој член, се применуваат одредбите од Законот за локалната самоуправа.

(5) Против решението од ставот (3) на овој член дозволена е жалба до министерот за локална самоуправа во рок од три дена од денот на приемот на решението. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

**Предлог за поведување постапка**

Член 24

(1) Ако инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор утврди дека има основано сомневање за постоење прекршок или кривично дело, односно дека постои основа за преземање управни или други мерки за чие преземање е надлежен друг орган, должен е да поднесе пријава за поведување прекршочна или кривична постапка, односно без одлагање да го извести надлежниот орган за преземање на управни или други мерки.

(2) Ако инспекторот не постапи согласно со ставот (1) на овој член се смета дека сторил дисциплински престап.

**Судир на интереси**

Член 25

(1) Инспекторот не смее да врши или да присуствува при инспекцискиот надзор, доколку член на неговото семејство е градоначалник или претседател на советот на општината во која се врши надзорот.

(2) Како член на семејство од ставот (1) на овој член се смета лице кое е во крвно сродство во права линија со инспекторот кој врши или присуствува при надзорот.

V. СОРАБОТКА И ЕВИДЕНЦИЈА

**Унапредување на законитоста**

Член 26

Инспекторатот соработува со органите на државната управа, заинтересираните физички и правни лица и нивните асоцијации, во обезбедувањето и унапредувањето на законитоста на прописите на општината.

**Иницијатива**

Член 27

(1) Органите на државната управа, здруженијата на граѓани и други правни и физички лица можат да поднесуваат иницијативи во форма на известувања, предлози и претставки до Инспекторатот, за вршење инспекциски надзор.

(2) За преземените мерки по поднесената иницијатива, Инспекторатот ќе ги извести субјектите од ставот (1) на овој член во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на иницијативата.

**Евиденција**

Член 28

(1) Инспекторатот води евиденција за донесените одлуки и решенија на Уставниот суд на Република Македонија за оцена на уставноста и законитоста на прописите на општините, по поднесените иницијативи од Инспекторатот и овозможува нејзина достапност до јавноста преку веб страницата на Министерството за локална самоуправа.

(2) Одлуките и решенијата на Уставниот суд на Република Македонија задолжително се објавуваат во службен гласник на општината на која се однесува.

VI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 29

Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра, во денарска противвредност, ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во општината, ако и по истекот на рокот од членот 20 став (6) на овој закон, не обезбеди услови за вршење инспекциски надзор или не ги достави бараните прописи и записници во рокот определен од инспекторот.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 30

Подзаконските акти предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 31

Постапките започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со одредбите на Законот за локалната самоуправа.

Член 32

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.